## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,10 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам колеги да седнете на своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Педесет и седмата седница на Собранинето на Република Македонија.

Пратениците, Андреј Жерновски, Роза Топузова Каревска, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани. Флора Кадриу, Али Ахмети, Фазли Велију, Селвије Селију, Радмила Шекеринска, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Фијат Цановски, Абдулади Вејсели, Биљана Секуловска, Јагнула Куновска и Силвана Бонева, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат над 80 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски и Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за политичките обврски на Република Македонија што произлегуваат од договорот “ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ”.

Информацијата ви е поделена.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Процедурално Теута Арифи. Повелете госпоѓо Арифи.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници (не е во ред нешто со техниката)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам госпоѓо Арифи, само момент има техничка грешка, отидоа службите. Можете, има знак.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници ние сме задоволни, дискусијата за Деловникот и оваа точка на дневен ред на денешната седница, доаѓа како резултат, непосреден резултат на мајскиот договор меѓу господата Груевски-Ахмети, нешто што се поздрави од целата меѓународна зардница.

**Љубиша Георгиевски:** Дајте ве молам сигнал, преведувачот кај мене.

**Теута Арифи:** Имате сега.

**Љубиша Георгиевски:** Момент, момент.

Се извинувам госпоѓо Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници, почитуван претседателе. Сме задоволни што диксусијата во однос на Деловникот, предложен како точка од дневниот ред, доаѓа денес како резултат, директен резултат на мајскиот договор склучен помеѓу господата Груевски и Ахмети и нешто што се поздрави од Меѓународната заедница и се реафирмира во последната Резолуција на Европскиот парламент.

И покрај тоа со жалење констатирано е дека во предложениот предлог се крши овој договор. Според точката од договорот за кој говорам двете страни се согласија за листата од 46 закони кои се гласаат со Бадентер. Иако во договорот се вели дека овие закони ќе се инкорпорираат како прв анекс од овој договор, ова не е направено, туку се ставени во форма на еден посебен член, иако во листата усогласена со мајскиот договор стои законот за јазици, овој закон не е опфатен во Предлог деловникот. Ние како парламентарна група нема да толерираме кршење на договорот и откако ќе ги објасниме со предлагачот овие состојби, ние ќе го определиме нашиот став во врска со овој Деловник. И покрај тоа, имајќи позитивна волја да се надмине оваа состојба, ние во име на ДУИ, и ПДП, бараме 30 минути пауза за да ги објасниме овие пропусти со предлагачот на Деловникот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Итноста да се образложи ќе дадеме пауза.

Господине Макрадули повелете, ќе го усвоиме дневниот ред, па ќе дадеме пауза.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе, бидејќи ми дадовте збор пред малку, затоа би сакал во име на предлагачите да го дадам образложението.

Со усвојувањето на Извештајот за напредокот на Република Македонија од страна на Европскиот парламент, земјата доби дополнителни обврски, кои произлегуваат од договрот меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Со тоа и фактички се потврди постоењето на истиот, иако и претседателот на Владата Груевски и претседателот на неговиот најголем коалиционен партнер ДПА Тачи, го негираат постоењето на истиот пред домашната јавност.

Ваквото негирање за постоењето на политичкио тдоговор и обврски, пред некјој ден ни се врати како бумеранг. И тоа во официјален Извештај на европска институција, што дополнително ја усложнува позицијата на земјата и ја прави неизвесна нејзината европска иднина.

Би сакал да цитирам што господинот Груевски зборуваше на 31 мај 2007 година. Цитирам: “тој документ што госпоѓа Шекеринска го држеше во рака, веројатно не го знам, но веројатно, се работи за некаков или нечиј записник од разговорите, кој ниту е потпишан, ниту може да има било каква тежина на документ. Тој некаков

си записник што гонаправил некој, веројатно што бил присутен, ако не е тотално измислен, меѓутоа, за тие прашања што ги спомнавте, поврзани со Законот на поранешните припадници на ОНА, или поврзани со Законот за двојазичност, односно Закон за јазици, што би значело двојазичност на цела територија, не постигнавме согласност. Значи, кој лаже, ќе покаже времето. Јас сум многу комотен, бидејќи 11 и нешто години сум на политичката сцена. Имам една особина да внимавам кога нешто зборувам и кажувам и да внимавам исто така кога другите лажат, па што им следува после тоа, затоа што на лагата и се кратки нозете".

Така зборуваше господинот Груевски на 31 мај. Денеска имаме сосема поинаква ситуација. Денеска договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ е дел од европските документи. Како одговорна политичка партија која има вложено цел мандат и својот рејтинг за спроведување на политичките реформи, кои доведоа до статус земја кандидат, за членство само по 4 години од конфликтот што го предизвика истата владеачка коалиција, СДСМ бара потписниците на договорот да го образложат истиот пред пратениците и јавноста. Со таква самодискусија и соодветни заклучоци, кои произлегле од истата, овде во претставничкиот дом на граѓаните, наместо во четири очи ќе се избегне две политички партии да ги држат како заложник стратешките приоритети на Република Македонија. Затоа предлагаме прво да разговараме за политичките обврски што настанаа од договорот, а потоа да видием кои се тоа обврски што треба да ги направиме и дали Деловникот е тој што треба да биде прв по приоритет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратениците, Инфорамцијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника, за гласале 26, воздржано 1, против 43 пратеника.

Констатирам дека предлогот на пратениците не е усвоен.

Господине Бучковски имате интервенција процедурална, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван претседателе.

Внимателно читав во воведот за главната точка за Деловникот. Меѓу поканетите е претседателот на Владата. Мислам дека заради сериозноста на моментот во кој се наоѓаме, затоа што евидентно е независно кој го постигнал договорот, дали во форма на записник, на џентламентска спогодба, на нонпејпер, произлегуваат обврски пред се за Парламентот на Република Македонија. Заедно со четворицата колеги кои бевме минатата надела во Стразбур, мислам успешно се обидовме да одбраниме некои од стратешките интереси на Република Македонија дел од работите кои генерално мораме да ги завршиме овде во Парламентот, кои како аманет сега се оставени на нас, е добро посебно што утре премиерот заминува во Брисел на средба со господинот Рен и со Солана, да се обидеме по неговите искажувања и објаснувања колку е ова битно, затоа што сега разговаравме и со координаторот на нашата пратеничка група и он ја слуша што говори пратеникот Арифи, сметам дека ние со денешната точка, всушност влегуваме во реализација, не за мене најбитниот дел, кои 46 закони ќе бидат носени со Бадинтер, туку влегуваме на клучното прашање, а тоа е со Деловникот ќе ја регулираме употребата на албанскиот јазик во Парламентот.

Затоа сметам дека оваа пауза која веќе ја дадовте, треба да се искористи како дополнителна можност уште еднаш да биде повикан премиерот. Добро е да објасни на пратениците, затоа што веќе формулацијата која ја користи Евро парламентот, која ја користи емисарот Оли Рен, не говори за договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Говори за обврски кои ги имаат преземено власта и опозицијата. И чесно е да знаеме што од нас очекува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи премиерот на Владата е повикан, би било несериозно да го викаме два пати. Тоа е мојот став.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Повелете колку има процедурални.

Значи, да се договориме од дисплејот кои се за процедурални да немаме гужва. Оровчанец процедурално, Славица Грковска, процедурално, Слободан Најдовски процедурално, Оливер Спасовски процедурално и Борис Кондарко.

Значи, сите овие 5 процедурални интервенции.

Ве Молам, да се држиме до договореното, да бидат вистински процедурални, поготово што и немаме причина во овој момент за некоја полемика. Не е отворена полемиката и после тоа би апелирал да поминеме на утврдувањето на дневниот ред.

Ве молам, господине Оровчанец, вашите три минути, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе,

Значи се наоѓаме во една ситуација, денеска да зборуваме за Деловник, меѓутоа, не како собраниска агенда, туку зборуваме за деловник како агенда која што ни е наметната, затоа што во Советот на Европа, како заклучок влезе нешто што ние на крај памет немавме. И затоа, треба овде да продискутираме и да видиме за што се работи.

Јас се надевам дека премиерот го информирал столбот на неговата коалиција, господинот Тачи, господинот Тито Петковски, господинот Ѕинго, господинот Павле Трајанов, господинот Стојан Андов, за она што тој се договорил. Затоа што ние не знаеме што е договорено.

Втора работа, агендата која што треба да не доведе до НАТО, наеднаш се проширува со нешто што ние не знаеме. Јас почитувани колеги, не седачи на седиште во Парламентот, туку, мислители кои ќе сфатат за што се работи. Затоа што државата ни бега од прсти. Да седнете и да размислите и да ме подржите во идеата, во рок од 7 дена да направиме наменска седница за овде во ова Собрание на која ќе излезе и премиерот и ќе направи агенда, која агенда сите ќе ја следиме, затоа што ќе треба да ја прифатиме, она што е реална, приоритетна за Република Македонија. А не едно вакво прашање, како што е Деловникот, да стане кукавичко јајце, кое ќе се изроди во нешто што ќе ја стопира Република Македонија. Треба да знаеме што сакаме, треба да знаеме како да дојдеме до тоа, треба да знаеме кои се приоритетите и која е агендата која што Република Македонија дефинитивно ќе ја стави во колосек и таму каде што треба да биде во оваа процедура до приемот во НАТО или во нарпедокот према Европската интеграција со почеток на датум за преговори. Гледаме дека таа е агенда континуирано ни се проширува. Работите ни бегаат од контрола. И додека расправаме за се и сешто, а овде декларираме дека ќе се осврнеме посебно и снажно, позитивно во агендата која не води во нашиот интеграционен процес.

До колку ова не се случи, ќе третирам дека Македонија веќе влегува во трета фаза. Имавме самостојна Република Македонија, па потоа имавме пост-Охридска или Рамковна. Ако ова вака продолжи, а не знаеме што се случува и не излезе премиерот тука со јасна агенда, имаме нова мајоризација на Република Македонија према Македонците и тоа е пост Груевски период во Република Македонија. Таков период не сакаме да имаме. Сакаме да имаме Република Македонија во Европска унија и во НАТО. И моето барање е во рок од 7 дена да се направи седница на Собрание каде што премиерот ќе излезе со агенда.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, Славица Грковска вашите три минути.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

На 45-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 30 мај, од страна на пратеници во овој собраниски дом беше изнесен предлог и барање, договорот постигнат помеѓу господинот Груевски и господинот Ахмети да биде доставен до пратениците, заради тоа што тоа сноси консеквенци за иднината на граѓаните на Република Македонија.

Исто така, беше побарано уште во текот на тој ден, имајки предвид дека ваквото барање за доставување на договорот беше одбиено од парламентарното мнозинство и од госпоѓата Бонева, како координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, под изговор дека нема доставено писмена информација.

Беше побарано договорот да биде поднесен и доставен до пратениците во текот на тој ден. Имајќи во предвид дека вашата реакција тогаш беше дека најсериозно ја земате оваа интервенција ан нотам и дека ќе реагирате и ќе барате до претседателот на Владата овој договор да биде доставен до Собранието, а имајќи во предвид дека ние до ден денешен не го добивме договорот Груевски Ахмети како пратеници.

Моето процедурално прашање до вас е, дали ја исполнивте вашата обврска како претседател на Собранието, дали го исполнивте вашето ветување, дали побаравте од господинот Груевски да се достави овој договор до пратениците. Ако баравте, кога го направивте тоа и ако не го направивте тоа и покрај тоа што се заложивте на собраниската седница. Ве молам, да објасните од кои причини не сте го направиле тоа со оглед на тоа што како претседател на Собранието на тоа сте обврзани.

**Љубиша Георгиевски:** Вашата процедурална интервенција би била на место кога предлогот за кој пред малку Собранието се изјасни со гласање би бил прифатен и кога тоа би било на дневен ред и кога тој договор ќе биде на дневен ред јас со задоволство ќе ви одговорам на вашето прашање.

Процедурално господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани граѓани на Република Македонија. Мојата интервенција е според Деловникот член 72. Барам одлагање на точката пред утврдување на дневниот ред од следниве причини. Денеска во Република Македонија започнува да се исполнува и спроведува договорот помеѓу Груевски и Ахмети. Денеска е првата точка од тој договор, употребата на албанскиот јазик во јавните институции. Во четврток почитувани колеги кога ќе го усвоите буџетот, ќе ја усвоите втората точка, ќе обезбедите пари за припадниците на ОНА. Третата точка автоматски ќе ја усвоите, со тоа што ќе имате составен дел за законите по Бадентер. Ви останува уште една точка, тоа е законот за Комитетот за односи меѓу етничките заедници. И време е да и кажете отворено на македонската јавност, не да не лажете нас пратениците во Стразбур да чуеме дека таков договор постои, не да ја лажете македонската јавност. Сакам да ви укажам дека спроведувањето на договорот помеѓу Груевски и Ахмети не е техничко прашање, тоа е сложено политичко прашање кое што ќе има далекусежни последици и реперкусии околу евроинтеграциите на Република Македонија. Европската унија не бара овој договор да се постигне на ваков начин преку сила, со насилство. Европската унија бара договор помеѓу политичките партии.

Не е точно дека ни постави услов Европската унија за исполнување на овој договор, туку точно е тоа дека Европската унија го поздрави постигнатиот договоер помеѓу Груевски и Ахмети и аналогно на тоа што Груевски прифатил сега тој да биде еден од условите за членство во Европската унија. Е затоа е влезен во извештајот дами и господа, од Европскиот парламент.

Јас сакам отворено да кажам, дека од изјавите кои деновиве беа присутни, високиот извор на ВМРО-ДПМНЕ што изјави за “Дневник” и за “Вечер”, дека пратениците биле испратени да лобираат за овој амандман да не влезе во извештајот. Лаже тој висок извор. Ќе ви кажам зошто? Заради тоа што овде е потпишан министерот за надворешни работи Милошоски. За овие амандмани бараше од нас да лобираме во Европскиот парламент. Никаде не го спомнува Владата дека бара да лобираме да не влезе во извештајот точката 6. Таа точка 6, договорот помеѓу Груевски и Ахмети е влезен уште во март месец кога бил почнат да се подготвува извештајот. Тогаш господинот Груевски прифатил таков договор. И затоа барам согласно член 72 од Деловникот за работа на Собранието да се одложи точката од дневен ред, да се симне расправата по Деловникот за работа на Собранието, бидејќи господинот Груевски утре не може на Они Рен да му каже дека ги исполнил точките од договорот со Ахмети, бидејќи тие не прифаќаат ваков насилнички однос. Македонија влегува во сложена политичка фаза која што може да има далекусежни последици. Јас ве молам колеги пратеници да ја одложиме оваа точка од дневниот ред. Тогаш кога ќе се поситгне договор, тогаш кога ќе видиме што е договорот помеѓу Груевски и Ахмети, тогаш да можеме да отпочнеме со расправа. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имаме предлог за одлагање на оваа точка од дневен ред.

Тој предлог го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 87 пратеници, за гласале 34 пратеници, 1 воздржан, против гласале 52 пратеника.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е прифатен.

Повелете господине Кондарко, вашите три минути.

**Борид Кондарко:** Благодарам за зборот. Почитувани пратеници пратеничката група на СДСМ побара пред да разговараме за Деловникот, да имаме посебна седница на која ќе ја разгледаме Информацијата за политичките обврски на договорот кои произлегуваат од договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. За да не испадне дека зад точката на дневен ред, зад Деловникот ние всушност ќе расправаме и ќе го аминуваме тајниот договор, или записник помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за кој ќе се решава прашањето за двојазичност и за пензиите на борците на ОНА.

Почитувани пратеници, не така одамна во Европа, во една европска држава имаше еден премиер за кој граѓаните на таа држава рекоа дека лаже. Нашиот премиер пред исто така кратко време кажа дека на лагата и се кратки нозете, а дека вистината е како шило и таа постојано боде, боде и ќе излезе на површина. Затоа ја бараме оваа седница за да видиме кој лаже во Република Македонија, а што е вистина, односно дали Републик Македонија, да го поставиме прашањето на седницата, дали Република Македониј денес има премиер кој лаже. Имено, обврските на договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за кои премиерот велеше дека е записник кој некој го составил, а некој не го потпишал, сега станува дел од еден меѓународен документ и меѓународен ивештај. Затоа оваа ситуација многу нешто не потсеќа за едно не така , исто така многу дамнешно време, на случајот на договорот со продажбата на ОКТА кога пратеници од еден претходен парламентарен состав го гласаа договорот за една крајно криминална приватизација без да го имаат на хартија, на маса. Не знаеја за што гласаат и гласаа на слепо. Сега сака веројатно и Груевски и Ахмети исто така на невидено нешто ние да аминуваме. Затоа прашувам, каде се сега патриотите од ВМРО-ДПМНЕ кои ќе даваат пензии на борците на ОНА и кои ќе воведат двојазичност во Република Македонија. Дали зад овој договор и зад гласањето на оваа точка на дневниот ред се крие всушност таа агенца , патриотска агенда на Груевски и Ахмети.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 46, воздржани 5, против 18.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пауза од 30 минути по барањето на пратеничката група на ДУИ.

(Пауза од 15,40 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,11 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата продолжуваме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со седницата.

На дневен ред имаме - **Предлог за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија, со Предлог на Деловник.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 43, воздржани нема, против 17.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

(Реакција на пратеници во салата. Пратениците од опозицијата бараат збор)

Кога ќе ви дојде редот, имаме список овде.

Што, во гласањето се сомневате? Барате поединечно гласање?

Вратете го дисплејот со гласовите, ве молам.

(Пратениците од опозицијата бараат да се затворат вратите на салата да не влегуваат повеќе пратеници)

Тие двајца што влегоа не ги броиме.

Член 94 вели: “Гласањето може да се врши и со поименично изјаснување на пратениците. Поименичното изјаснување може да се врши заради точно утврдување на резултатот од гласањето по барање на претседателот на Собранието или на еден пратеник чие барање го поддржуваат најмалку 10 пратеници, само ако предлогот за кој се гласа добил до 5 гласови повеќе или помалку од потребниот број гласови за негово донесување”.

Вратете го дисплејот на гласови.

За гласале 43, воздржани нема, против 17.

(И пратениците од СДСМ го читаат членот)

Не, само ако предлогот за кој се гласа добил до 5 гласа повеќе или помалку од потребниот број...

Според тоа разликата е многу поголема од пет.

Ве молам, да се врати ситуацијата на присутни пратеници.

Ве молам, ве молам.

Ако спроведуваме поединечно гласање тогаш сме должни да се врати ситуацијата на 68 пратеници, да се затворат вратите, а секретарот ќе прозива и секој поединечно ќе се изјаснува.

Ги молам службите да ја спроведат оваа процедура.

Службите ве молам.

Ги молам пратениците кои влегоа после гласањето да ја напуштат салата.

За да сработиме било што треба тишина, ве молам.

Дајте да се слушаме.

Молам, службите да го спроведат тоа.

Ве молам, ве молам, ве молам, ќе го прочитаме листингот на пратениците што гласале и само тие пратеници ќе останат во салата.

Да се разбереме, 68 пратеници беа. Ајде ве молам листингот. Дајте, препрозивајте.

Ве молам, 15 минути пауза за координација.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,37 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со седницата

Според член 94 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам поединечно гласање.

Ги молам службите да ги заклучат вратите.

Го молам секретарот да постапи според Деловникот во случај на поединечно гласање.

Повелете господин секретар.

**Жарко Денкоски:**

1. Авировиќ Владанка - за
2. Адеми Џеват - отсутен
3. Ајдини Насер - отсутен
4. Алити Рафис - отсутен
5. Анастасовски Иван - за
6. Андов Стојан - отсутен
7. Андоновска Марија - за
8. Арифи Теута - отсутна
9. Ахмети Али - отсутен
10. Бендевска Весна - против
11. Беџети Блерим - отсутен
12. Бонева Силвана - отсутна
13. Божиновска Валентина - за
14. Бучковски Владо - отсутен
15. Буџаку Агрон - отсутен
16. Вејсели Абдулади - отсутен
17. Велиу Фазли - отсутен
18. Вељановски Трајко - за
19. Витанов Зоран - отсутен
20. Георгиевски Љубиша - за
21. Георгиевски Љубчо - отсутен
22. Гештаковски Кире - отсутен
23. Ѓелова Стојанова Соња - за
24. Герамитчиоски Тале - против
25. Гинев Јован - за
26. Грковска Славица - против
27. Грозданов Цветко - за
28. Дамески Панче - за
29. Даневски Томе - за
30. Деркоски Оливер - за
31. Димеска Катерина - за
32. Димитриевски Дарко - за
33. Димитровски Ратко - за
34. Димовски Илија - за
35. Догани Бесим - воздржан
36. Додовски Марјан - отсутен
37. Дончев Данаил - отсутен
38. Дулиќ Благородна - за
39. Дураки Садула - отсутен
40. Ѓорѓеска Ружа - за
41. Ѓорѓиевски Веле - за
42. Ѓорчев Владимир - отсутен
43. Жерновски Андреј - отсутен
44. Зашов Благој - за
45. Ибиши Хазбије - отсутен
46. Иванов Љубисав-Ѕинго - отсутен
47. Иванова Цветанка - отсутна
48. Ивановска Јаготка - за
49. Ивановски Игор - отсутен
50. Јакимовска Светлана - за
51. Јакупи Зумрете - отсутна
52. Јаневска Весна - отсутна
53. Јашари Аднан - отсутен
54. Каба Гарип - отсутен

55. Кадри Фљора - отсутна
56. Киров Ацо - против
57. Кипаризовска Крстеска Анита - за
58. Китаноски Илија - за
59. Китаноски Лазар - отсутен
60. Кондарко Борис - против
61. Коцев Ванчо - за
62. Крстевски Стојче - за
63. Куновска Јагнула - отсутна
64. Лалчевска Ристанка - отсутна
65. Макрадули Јани - против
66. Манасијевски Јован - отсутен
67. Маркоски Гоце - за
68. Матоши Ружди - воздржан
69. Мисовски Горан - отсутен
70. Митаноски Веле - за
71. Митрева Илинка - против
72. Младеновска-Ѓорѓиевска Мери - против
73. Мустафа Неждет - отсутен
74. Најдовски Слободан - отсутен
75. Незири Хади - отсутен
76. Незири Сафет - отсутен
77. Николов Марјанчо - против
78. Николоски Александар - за
79. Оровчанец Ѓорѓи - отсутен
80. Пачемски Миле - за
81. Пенов Ристо - против
82. Петковски Тито - отсутен
83. Петрески Зоран - за
84. Петров Горан - за
85. Положани Азиз - отсутен
86. Поп Арсов Петар - за
87. Поповска Лилјана - отсутна
88. Поповски Никола - против
89. Рамадани Агим - воздржан
90. Рахиќ Есад - отсутен
91. Реџепи Даут - отсутен
92. Рилкоски Никола - против
93. Салију Селвие - отсутна
94. Салиу Шабан - за
95. Секуловска Мирјана - отсутна
96. Селмани Ајше - отсутна
97. Селмани Елмазе - отсутен
98. Серафимов Влатко - против
99. Спасеновски Александар - за
100. Спасовски Оливер - против
101. Станчевска Нада - за
102. Стефановска Анета - за
103. Стоилковиќ Иван - отсутен
104. Стојанов Ристо - за
105. Сулејмани Фадил - отсутен
106. Танчева Тулиева Надица - за
107. Тачи Мендух - отсутен
108. Ташева Виолета - за
109. Топузова-Каревска Роза - отсутна
110. Трајанов Павле - за
111. Ќуркчиев Никола - против
112. Филипова Верица - против
113. Хасипи Кенан - отсутен
114. Хани Тахир - отсутен
115. Цаноски Фијат - за
116. Цветковска Благородна - против
117. Џафери Арбен - отсутен
118. Шамбевски Оливер - за
119. Шекеринска Радмила - отсутна
120. Шутаров Васко - за

**Љубиша Георгиевски:** Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 44, против гласале 17, воздржани гласале 3.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Има огромен список за процедурални работи, интервенции, секој по старост ќе добие, немојте да се нервирате, се ќе биде во ред, само едно сакам да ви кажам. Бидејќи еден турнус на процедурални интервенции имавме, во кој добија збор еднаш или два пати членови на сите пратенички групи од опозицијата. Не мислам да правам дискриминација никаква. Ве молам, за да не загубиме цел ден во процедурални забелешки, ве молам точно секој што ќе добие збор да каже по кој член е интервенцијата, да го прочита членот и да каже што тука спори. Тоа го правам прв пат, за да не јас арбитрарно решавам кога е дигресија, кога не е. Сите ќе знаеме и веднаш тоа да се заврши. Сега одиме по редослед. Од овие сите пријавени, дали има некој да не е процедурално за збор јавен. Не брзајте се е во ред. Господине Адеми, ќе дојдете на ред.

Сега, прв е на листата господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Претседателе, согласно член 83, кој што гласи дека по предлог на претседателот или од еден пратеник, чие барање го подржуваат најмалку 10 пратеници на почетокот на претресот по определени прашања, Собранието може да одлучи пратеникот по истото прашање да може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот на актот или материјалот, во траење од 15 минути.

Согласно овој член, предлагам со подршка од 10 пратеници по првата точка од дневниот ред, да може пратениците да говорат само еднаш, а координаторот 15 минути.

**Љубиша Георгиевски:** Дали имате подршка од 10 пратеници? (Имаат)

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратениците од СДСМ ја напуштаат салата).

Во присуство на доволен број на пратеници, 42 пратеници гласале за, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на господин Александар Николовски.

(Пратениците од СДСМ се вратија во салата).

Сега, да се вратиме на дисплејот.

Господин Оливер Спасовски, вашите три минути кажете по кој член ќе спорите итн.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Земав процедурално во однос на точкава што е на дневен ред, бидејќи имаме на дневен ред Деловник на Собранието на Република Македонија, за кој што говоревме...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам господине Оливер кажете по кој член, да имаме уважение сите исто да биде. (Пратениците се смеат). Ве молам да не се смеете.

**Оливер Спасовски:** Претседателе, бидете трпеливи.

**Љубиша Георгиевски:** Што ви е смешно, ве молам.

**Оливер Спасовски:** Оваа интервенција во Деловникот е со цел предлагачот на прифати овој Деловник да го носиме во две фази, заради тоа што навистина носиме Деловник во Собранието, за кој што немаме претходна усогласеност во Собранието на Република Македонија, а е правен акт, за кој што мора да има значителен консензус во Собранието на Република Македонија. За да работиме ефикасно или за да имаме правен акт по кој ќе можеме да работиме ефикасно во натамошниот период, ако една од забелешките на парламентарното мнозинство е неефикасноста во работењето, заради тоа барам овој Деловник да се разгледува во Собранието во две фази. Прво, предлогот за донесување на Деловникот, а потоа да се оди во втората фаза. Инаку, вака ќе делуваме многу несериозно како Собрание да расправаме и да водиме неплодни расправи овде во Собранието на Република Македонија,а претходно да немаме усогласеност, без да разговараме за некои значајни прашања, кои што во овој момент би требало да се разговараат во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дозволете да сумирам. Имавме предлог од страна на господин Оливер Спасовски, Деловникот да се донесе во две фази.

Понатаму, господине Вејсели Абдулади не го гледам тука.

Понатаму, Весна Бендевска, барате да се гласа.

Господине Спасовски барате вашиот предлог да се стави на гласање? (Да).

Го ставам на гласање предлогот на Оливер Спасовски.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 70 пратеници, за гласале 25 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 42 пратеници.

Според тоа, констатирав дека предлогот не е усвоен.

Процедурална интервенција Весна Бендевска, повелете и за кој член ќе коментирате.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е токму до вас, согласно член 56 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, кој ги детерминира токму вашите ингеренции.

Господине претседател, не мислам да губам време да ви ги читам вашите ингеренции, претпоставувам дека ги знаете. Меѓудругото е да ги чувате дигнитетот на ова Собрание. Имено, согласно денешниот дневен ред пред нас пратениците е Предлог Деловник, новиот Предлог Деловник за работа како највисок нормативен акт, кој го уредува функционирањето и ефикасноста на работата на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Сето ова го знаеме, понатаму...

**Весна Бендевска:** Меѓутоа, господине претседателе, во текот на денешната расправа голем број пратеници отворија една нова дилема, дали пред нас е донесување нов Предлог Деловник, кој сериозно ќе ја подобри работата на Собранието или пак ...

**Љубиша Георгиевски:** Ова е дигресија, ова ви е прва дигресија.

**Весна Бендевска:** Или пак, господине претседател, овој, се изнесоа голем број сомнежи дека овој Предлог Деловник е директен нус производ од тајниот договор помеѓу Груевски и Ахмети. Затоа, барам од вас, согласно вашите ингеренции, да ја прекинете работата по денешната седница, да го повикате премиерот на Владата на Република Македонија да го отстрани...

**Љубиша Георгиевски:** Ова е втора дигресија и ова спаѓа во делот кога ќе се отвори расправата.

Готово, направивте три дигресии и ви одземам збор.

Понатаму, госпоѓа Грковска Славица, кажете по кој член?

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Морам да реагирам прво заради тоа што и одземавте збор на нашата пратеничка, заради тоа што нејзиното процедурално барање беше да дојде премиерот, за што вие како претседател на Собранието сте обврзани...

**Љубиша Георгиевски:** Кажете прво по кој член ќе зборувате?

**Славица Грковска:** Второ, сакам да кажам дека овој Деловник по кој што денес работиме е истиот оној Деловник по кој што работевме во претходниот мандат на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Не второ, ве молам ова е прва дигресија, кажете по кој член ќе говорите.

**Славица Грковска:** Кога господинот Никола Груевски тврдеше, почитувани пратеници ова денес што се случува во Парламентот се нема случено досега дека нема да бараме демократско ра...

**Љубиша Георгиевски:** Ви го одземам зборот.

(Реакција на пратениците со тропање).

(Госпоѓица Славица Грковска продолжи да зборува од говорницата со исклучен микрофон).

(На реакцијата на пратениците со тропање продолжи).

Тишина.

(Госпоѓица Славица Грковска продолжи да зборува од говорницата со исклучен микрофон).

Ви го одзедов зборот. Ве молам, немате збор.

Пратеник кој зема збор, без да му е даден зборот, се знае што му следува.

(И понатаму продолжува реакцијата на пратениците, а госпоѓица Славица Грковска понатаму зборува на говорницата со исклучен микрофон).

Јас ве молам, госпоѓице Грковска прекршивте неколку членови од Деловникот.

Ве молам, уште еднаш сите што се јавивте за збор, зборот е тешко нешто, дајте да не го злоупотребуваме. Се договоривме еднаш во првиот турнус дека е доволно процедурално. Отворивме нов турнус процедурално. Не може бескрајно да се дискутира во овој Парламент процедурално. Дајте малку суштински да дискутираме. Дозволете да се отвори расправа за да можат луѓето да видат каков е Деловникот.

Господине Борис Кондарко се надевам дека ќе се држите до процедурата.

Повелете, вие побаравте процедурално.

**Борис Кондарко:** Претседателе,

Бидејќи барате да ви кажеме по кој член, по истиот член по кој интервенираше и по кој побара пратеникот Николовски да се ограничат дискусиите на 10 минути. Тоа е членот 183 кој вели дека на предлог на претседателот или еден пратеник кое барање пристигна, на почетокот на претресот по одделно прашање “Собранието може да одлучи пратеникот по исто прашање да може да говори само еднаш во траење од 10 минути...”. Значи, потенцирам на почетокот на претресот, факт е, а тоа може да се види и од стенограмите дека вие не го започнавте претресот, претресот не е отворен по точката на дневен ред, така што не е валидно, да се изразам со вашите зборови, процедуралната интервенција на Николовски кој побара ограничувањето да се стави на гласање. Затоа, морате да ја вратите процедурата назад да помине овој турнус на процедурални реплики, па да констатирате дека е отворен претресот, а на почетокот на претресот, доколку некој има намера да ги ограничува дискусиите, нека повели, па после за тоа ќе се јавиме повторно за процедурално. Инаку, нема да ризикувам сега да бидам прекинат од вашиот тоталитарен шарм, па затоа ќе почекам процедурално да се јавам откако ќе биде изгласана одлуката за ограничување на дискусиите на 10 минути.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, господине Адеми Џеват.

**Џеват Адеми:** Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници,

На почетокот на седницата на дневен ред беше расправата за Деловникот на Собранието. Госпоѓата пратеник од парламентарната група на ДУИ госпоѓата Теута Арифи поради суштински причини побара 30 минути пауза за да се дискутира со предлагачот и за тоа зошто во членот 166 од Предлог Деловникот, каде што се спомнува листата од 46 закони кои што треба да се гласаат со начелото на двојно мнозинство, листа која што е резултат од договорот на политичкиот дијалог меѓу лидерите на ДУИ господинот Али Ахмети и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски, не е опфатен и законот за јазиците. Во нашето барање за објаснување се даде и елементот дека оваа листа и овие закони ќе се стават во новиот Деловник на Парламентот по барање и сугестија на господинот Никола Груевски. Ние манифестирајќи добра волја, го прифативме ова сугерирање и после паузата немаме одговор, немаме објаснување од страна на предлагачот. За тоа зошто законот за јазиците не е во листата на 46-те закони, членот 166 од Предлог Деловникот.

Поради оваа причина, не сакајќи да бидеме дел од прекршувањето на еден договор, кој што веќе сега има заземено меѓународна димензија, од оваа причина, не сакајќи да бидеме дел од деградирањето на оваа институција, затоа што политичарите, опфаќајќи ги тука и пратениците, се докажуваат со нивната посветеност, почитувањето на постигнатите договори.

Поради оваа причина парламентарната група на Демократската унија за интеграција и Партијата за Демократски просперитет нема да учествуваат во расправата за донесувањето на новиот деловник на Парламентот. Ќе го искористиме тоа време за оваа повреда или прекршок и за непочитување на договор да ја запознаеме внатрешната и меѓународната јавност.

Не сакаме да бидеме дел од прекршување на оние договори кои сега веќе станаа меѓународни документи. Одговорноста паѓа врз вас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Рафис Алити.

(Пратеникот Вејсели излегува на говорница) Господинот Вејсели беше на списокот, само не беше тука.

Господине Вејсели бевте на списокот, само не бевте кога ви дојде редот.

Слободан Најдовски бара збор, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, мојата забелешка е по членот 94, еве да ви кажам, чисто по Деловникот, јас уште на

самиот почеток на денешната седница ви кажав и упатив молба до вас, до пратениците да не одат на ваков насилнички начин.Жалосно е.. .

(Пратеникот Вељановски дофрлува од место).

Процедурално е господине Вељановски, не се нервирајте.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, повелете, повелете...

**Слободан Најдовски:** Од тие причини го повредувате Деловникот неколку пати. Еве ја процедуралната забелешка.

Имате невалидно гласање. Поединечното гласање е невалидно, го прекршивте членот 94 од Деловникот за работа на Собранието. Тоа ви го укажав и на координација. Имавте 44 гласа за точката на дневен ред. Во ова гласање, мислам поединечно, учествуваа пратеници кои во процесот на самиот чин на гласање претходно не беа присутни. Деловникот е сосема јасен. Јас ги молам пратениците кои гласаа на поединечното гласање јавно да кажат зошто тоа го направија. Вие господине претседателе го прекршивте Деловникот.

Второто прекршување на Деловникот е следното:

Имате точка на дневен ред која не доби поддршка за Предлогот на деловникот од надлежното надлежно тело, тоа е Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања на Собранието. Ни една држава во светот не постои каде надлежното тело нема да даде виза за еден документ тој документ да оди на расправа на Собранието.

Третата работа која сакам да ја укажам и да ве замолам, жалосно е да гледам некои колеги пратеници кои во моментот на гласање, на поединечното гласање гласаа за, со наведната глави. Немојте, вака не се решава прашањето.

Претседателе, барам од вас, со тоа што го прекршивте Деловникот има три места, тоа е поединечното гласање, второ го прекршивте членот 83 без отпочната расправа ставивте на гласање скратување на дискусијата од 10 минути и конечно, ве молам, заради тие причини барам да ја прекинете седницата и Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања да заседава по однос на сите три прашања каде е прекршен Деловникот.

Инаку, јавно сакам да му честитам на господинот Александар Николовски како млад надежен демократ што конечно диктатурата од Куба, од Кореа, ни ја спроведе во ова Собрание. Му честитам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

15 минути пауза и координација во врска со напуштањето на . . .

15 минути пауза.

(Пауза од 17,23 часот до 17,58 часот)

По паузата седницата продолжи во 17,58 чсот.

Со оглед на поодминатото време, ја заклучувам денешната расправа, утре продолжуваме по истата тема со 57-та седница.

Продолжуваме во 11,00 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,59 часот)